22130129

International Baccalaureate®
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

**MACEDONIAN A: LITERATURE – HIGHER LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A : LITTÉRATURE – NIVEAU SUPÉRIEUR – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A: LITERATURA – NIVEL SUPERIOR – PRUEBA 1**

Wednesday 8 May 2013 (morning)
Mercredi 8 mai 2013 (matin)
Miércoles 8 de mayo de 2013 (mañana)

2 hours / 2 heures / 2 horas

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a literary commentary on one passage only.
- The maximum mark for this examination paper is *[20 marks]*.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N’ouvrez pas cette épreuve avant d’y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire littéraire sur un seul des passages.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d’examen est *[20 points]*.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario literario sobre un solo pasaje.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es *[20 puntos]*.



© International Baccalaureate Organization 2013

*Дајте литературен коментар на само* ***еден*** *од извадоците:*

**1.**

**Лулашки**

Мајка ми ми рече да не си играм на лулашки, ама јас не ја послушав.

Уште од почетокот не ми беше право, затоа што јас прва ги видов лулашките. Не дека не постоеја од порано, ама тогаш беа сосема искршени. Имаше само едно расчекорено железо од коешто висеа два синџири, од секоја лулашка по еден осамен, ’рѓосан синџир. Дури и штиците кои порано биле лулашки беа искршени, и имаше само една на која можеше да се исечеш ако не внимаваш. Некој ми кажа дека Миле се обидел да ја скрши штицата и си ја исекол раката. Не ми беше жал, затоа што можеби таквите како Миле ги кршеа лулашките кога беа убави, чисти и нови. Освен лулашки, имаше и клацкалки, ама тие беа за помали деца. Понекогаш, ако ни беше многу досадно, ќе се качевме на највисоката и ќе си правевме плескавици – тој што беше на земја ќе подрипнеше, а тој што беше подигнат горе исто така ненадејно ќе потскокнеше и ќе си го плеснеше газот од седиштето. Ама потоа некој ги искрши и тие седишта, па остана само седиштето на најмалата клацкалка. Некогаш мајка му на Бане доаѓаше со помалиот син, и го клацкаше, а тој се смееше.

Третата работа што ја имаше на лулашките беше мостот. Отсекогаш ми беше страв од него затоа што беше повисок од мене и не се мрдаше. Сè што требашеда се направи на мостот морав да го направам сама, ама не можев да се натерам да го качам од првпат, оти ми беше страв дека ќе паднам. Така секогаш си мислев, и затоа мајка ми исто така се плашеше и ми рече да не одам никогаш на лулашки. Мислам дека и нејзе најмногу ѝ беше страв од мостот.

Кога бев помала, гледав дека некои од поголемите деца одеа по мостот. Ќе се качеа прво на неколку скалички, со раширени раце за рамнотежа, а потоа продолжуваа да се качуваат до највисокото скалило и да слегуваат од другата страна. Тогаш бев многу малечка и си играв во песокот со Кети, или понекогаш се клацкавме на најниската клацкалка и таму си правевме плескавици. Ама лулашките станувaa здодевни. Немаше ништо освен скршените клацкалки, мостот на кој се качуваа големите, и искршените лулашки. Веќе немаше што да се прави, па престанавме да одиме таму и почнавме да играме фудбал на ливадата со машките, или пак да си играме ластик и народна на улица.

Румена Бужаровска, *Блесок*, број 49 (2006)

**2.**

**Поетика на смешното**
***– инвокација –***

1. Грозна смеа

Опеј ја, Божице, дарбата за светогрдие
за иноказание, за смеа грозна низ плач и жолч
изречи ја славно на смртниците поругата,
подбивот и јамбот, отровниот рев

шегата пој ја на раѓањето и смртта
маската, порокот и гревот

опиши го, Вечна, на киклопот кикотот
кркорот на крвта
во обрач од стих завиено и сласно
растури го кругот, барутот, чаурата
со метар а безмерно смерно
во речта магично обратена,
со очи на тилот
во стар образ, а со друга вера
    – кој прв спомна на Бога Име
    небаре ќе го снема ако не има
    во времето знак
    да биде освен вера, завера
    освен пат и бездна
    отсутен а присутен
    по севезден ѕвезден? –

Катица Ќулавкова, *Блесок*, број 10 (1999)